Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 20.11.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во делот на услугите за физички лица

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува тарифен број 13.1. Уплата на готовина во мкд за физички лица резиденти. Тарифниот број се менува и гласи:

| **13.** | **Готовински трансакции** | **МКД** |
|---|---|---|
| 13.1. | Уплата на готовина | 50 мкд |

Образложение: Високи трошоци на надворешни институции за управување со ефективата, трошоци за вработените кои се вклучени во процесирање на овие трансакции и мотивирање на клиентите за намалување на трансакциите со ефектива и пренасочување кон безготовински трансакции. Како алтернатива се предлага користењето на CASH IN банкоматите за мкд уплати, кои ги има до секоја постоечка експозитура и уплатата на истите е без надоместок.

2. Се менува тарифен број 24.1.10 Дозволено пречекорување по сметка за физички лица, со зголемување на надоместокот. Воедно се врши дополнување со став а.) со опис - Надоместок за обнова на дозволено пречекорување (годишно). Тарифниот број се менува и гласи:

| **24.1.** | **Административни трошоци за разгледување и обработка на барање за пласман** | |
|---|---|---|
| 24.1.10. | Дозволено пречекорување по сметка | 300 мкд еднократно<br>Без административен трошок за корисници на картичка за млади |
| а.) | Надоместок за обнова на дозволено пречекорување (годишно) | 200 мкд |

Образложение: Промена на надоместокот се прави во согласност со пазарните услои. Воведувањето на став а.) е во согласност со добиените насоки од теренска контрола на НБРСМ за следење на лимитите на дозволените пречекорувања за физички лица при годишна пролонгација, имплеметиран е нов процес на контрола за кој е потребен дополнителен ресурс на вработени лица за реализација на следењето.

3. Се менува тарифен број 25.1.9. став б.) останати барања за промена на постоечки параметри по одобрен станбен, хипотекарен, рамковен кредит за физички лица. Тарифниот број во променетиот став б.) гласи:

| **25.1.9.** | **Барање за промена на постоечки параметри по одобрен станбен, хипотекарен, рамковен кредит** | |
|---|---|---|
| б | - останати барања за промена на постоечки параметри по одобрен станбен, хипотекарен, рамковен кредит | 90 еур во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ еднократно |

Образложение: Согласно Одлуката за макропрудентни мерки поврзани со макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физички лица, при анексирање на постоечките пласмани обезбедени со недвижен имот, а по барање на

клиентите, Банката изготвува целосна анализа идентична како при првично одобрување на пласман, кое бара дополнително ангажирање на човечки ресурси.

4. Се менува тарифен број 25.2.1 Измена на податоци за сметка, картичка, се врши промена на описот при што зборот картичка се брише и надоместокот се зголемува. Тарифниот број се менува и гласи:

| **25.2.** | **Останати услуги** | |
|---|---|---|
| 25.2.1 | Измена на податоци на сметка | 300 мкд |

Образложение: Усогласување со актуелната пазарна околина и услови, поради специфичноста на процесот за измена на подоците во кои се вклучени и надворешни институции.

5. Се менува тарифен број 25.2.10 Прилив на девизи по основ на пензии од домашни банки, за физички лица. Тарифниот број се менува и гласи:

| **25.2.** | **Останати услуги** | |
|---|---|---|
| 25.2.10. | Прилив на девизи по основ на пензии од домашни банки | 100 мкд по прилив |

Образложение: Усогласување со актуелната пазарна околина и услови и поголемо ангажирање на ресурси.

6. Се менува тарифен број 27.2.1. Анализа на документација за идентификација на нерезидент физичко лице со седиште во земја членка на ЕУ. Тарифниот број се менува и гласи:

| **27.** | **Анализа на документи за идентификација** | |
|---|---|---|
| 27.2. | **Анализа на документи за идентификација на нерезидент физичко лице:** | |
| 27.2.1. | Физичко лице со седиште во земја членка на ЕУ | 20 еур во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ |

Образложение: Усогласување со актуелната пазарна околина и услови и поголемо ангажирање на ресурси.

Во Тарифата ќе се направат и исправки на воочени технички грешки и терминолошки усогласувања.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат со почеток од 01.02.2026 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. бр: 0202/2-155/2025
20.11.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СКОПЈЕ 1

2